# О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

***на***

***Предлог Буџетот на Општина Крушево за 2026 година***

Буџетот на Општина Крушево за фискалната 2026 година се подготвува по насоките за подготовка на Буџетите на ЕЛС за 2026 година дадени во буџетскиот циркулар  добиен од Министерството за финансии под бр.08-10908/1 од 26.09.2025 година наш број 1064/1 од 30.09.2025 година.

Буџетот на ЕЛС претставува годишен план на расходи и  приходи ,други приливи и одобрени средства и ги вклучува основниот буџет , буџетот на дотација,буџетот на донација,буџетот на заеми и буџетот на самофинансирачки активности.

Буџетот на единиците на локалната самоуправа содржи: општ ,посебен и развоен дел.

1. **Општиот дел ги** содржи вкупните приходи и другите приливи вкупните расходи и другите одливи   за фискалната година како и глобални проекции на приходите, приливите,расходите и одливите за наредните две гдини.

   Општиот дел содржи:
   - Консолидиран биланс на приходи и расходи;
   - Функционална класификација на расходи;
   - Биланс на тековно – оперативни приходи и расходи;
   - Биланс на капитални приходи и расходи

2. **Посебниот дел** содржи план за одобрени средства по програми,потпрограми и ставки за фискалната година. Во посебниот дел се прикажуваат расходите според класификацијата на расходите што ја пропишува министерот за финансии, групирани според корисници и програми.

3. **Развојниот дел** – ги содржи плановите на програмите за развој прикажани во развојни проекти.Во развојниот дел на буџетот се прикажуваат среднорочните планови за програми за развој наменети за развојни инвестиции одобрени од Советот на општината.Планот на програмите за развој ги содржи среднорочните проекции на одобрените средства по:
   - одделни буџетски програми и подпрограми;
   - години во кои истите ќе се реализираат и
   - извори на финансирање, односно буџети

Општина Крушево во 2026 година донесе две развојни програми за 2026-2028 година и тоа за ,,Изградба на пристапна улица до скијачки терен во Крушево, фаза 1 ‘’ и ,, Изградба на обиколница во Крушево, фаза 1’’.

Согласно Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа е утврдено дека сопствените приходи на основниот буџет на општината за 2026 година се планира со пораст од 10% од просечно остварените приходи во последните три години.

Општина Крушево во основниот предлог буџет за 2026 год. може да планира сопствените приходи во износ од **47.465.987,00**.

Општината може да го надмине максимално утврдениот износ доколку обезбеди потврда за трансфер на средства од соодветна институција или во случај на промени кои се однесуваат на висината и видот на сопствените приходи на основниот буџет , утврдени со закон.

Општина Крушево има потпишано три договори за капитални инвестиции и тоа:

- Дог.бр 03-838/1 од 14.07.2025 година за ,,Изградба на пристапна улица до скијачки терен во Крушево, фаза 1 ‘’ од Министерството за транспорт на износ од 7.569.263,00.

-Дог.бр.03-837/1 од 14.07.2025 година за ,, Изградба на обиколница во Крушево, фаза 1’’од Министерството за транспорт на износ од 62.020.199,00.

-Дог.бр. 03-892/1 од 24.07.2025 година за ,, Реконструкција на пумпна станица во с.Норово , фаза архитектура’’ од Министерство за животна средина и просторно планирање износ 1.414.175,00.

- Анекс на договор за финансиска поддршка потпишан со Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој бр.09-937/2 од 13.08.2025 за изработка на урбанистички планови во селата и износот кој што треба да се доисплати е 5.374.538,00.

Првите два договори ќе бидат избуџетирани во основниот буџет половично од причина што се повеќегодишни проекти и се планира да се завршат во 2027 година како што се планирани во развојните програми.

**Вкупно проектираниот приход за предлог Буџет 2026 година износ од 302.293.641,00 .**

1. **Вкупно проектираниот Основен Буџет за 2026година 133.222.961,00**

- Дотацијата од ДДВ за 2026 година **25.962.279,00**.

- Максимален износ на сопствени приход **47.465.987,00**.

- Салдо од буџетска сметка 740014057663016 **12.000.000,00**

-Салдо од ЈПДП 740014057678936 **416.520,00**

- Општината може да го надминува максималниот износ на планирани сопствени приходи на основниот буџет за **47.378.175,00**

одобрени средства од Министерство за транспорт , Министерство за животна средина и просторно планирање и Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој - за реализација на проектот:

- Изградба на пристапна улица до скијачки терен во Крушево, фаза 1 , буџетирани 4.569.263,00;
- Изградба на обиколница во Крушево, фаза 1’’ буџетирани 36.020.199,00;
- Реконструкција на пумпна станица во с.Норово , фаза архитектура’’ буџетирани 1.414.175,00;
- Изработка на урбанистички планови во селата буџетирани 5.374.538,00.

**2. Вкупно проектираниот Буџет од самофинансирачки активности изнесува 6.430.000,00 и тоа поодделно по корисници:**

| | |
|---|---|
| ОУ Св.Кирил и Методиј с.Бучин | 10.000,00 |
| ООУ Никола Карев – Крушево | 80.000,00 |
| Детска градинка Гонча Туфа | 5.710.000,00 |
| Дом на култура Н.Н.Борче | 230.000,00 |
| СОУ Наум Наумоски Борче | 400.000,00 |
| | **Вкупно:6.430.000,00** |

Направен е во согласност со годишниот финансиски план доставен од страна на самата институција.

**3.Вкупно проектираниот Буџет од наменскатаи блок дотација изнесува 143.533.280,00 и тоа поодделно по програми:**

| | |
|---|---|
| - за основно образование | 89.816.000,00 |
| - за средно образование | 26.868.000,00 |
| -Блок дотација за дејно. од областа на култур. | 2.747.293,00 |

| | |
|---|---|
| -Блок дотација за детска заштита | 12.101.987,00 |
| -Наменска дотација за пожарникари | 12.000.000,00 |
| **Вкупно:** | **143.533.280,00** |

**4.Вкупно проектираниот Буџет на донации изнесува 19.107.400,00**

Во буџетот на донации е планирано реализација на проектот ,, Крушево и Елбасан - патување во природа и авантура'' . Расходите се планирани за изградба на две нови полетишта и редување на дел од спортско рекреативниот центар Гумење, градење на капацитетите на туристичко угостителскиот сектор за одршлив развој и промоција на Крушево како една од најдобрите дестинации за активен туризам.

Буџетот во висина од **302.293.641,00** како целина е консолидиран буџет составен од неколку посебни буџети како делови и тоа:

1. Основен Буџет во висина од 133.222.961,00 денари или учество од 44.07% од вкупно проектираниот буџет;
2. Буџет на приходи од самофинансирање на корисниците во висина од 6.430.000,00 или 2.13% учество во вкупниот Буџет;
3. Буџетот на дотација, наменски дотации во висина од 143.533.280,00 денари 47,48% учество во вкупниот Буџет;
4. Буџетот на приходи од донација износ 19.107.400,00 денари или 6.32% учество во вкупен буџет.

**Вкупни приходи планирани во износ од 302.293.641,00 денари и тоа по видови се:**

| | |
|---|---|
| 1. Даночни приходи | **33.920.000,00** |
| 2. Неданочни приходи | **8.550.000,00** |
| 3. Капитални приходи | **9.125.987,00** |
| 4. Приходи од дотација | **143.533.280,00** |
| 5. Донации | **19.107.400,00** |
| 6. Трансфери | **75.640.454,00** |
| 7. Депозит | **12.416.520,00** |

**Вкупни планирани расходи 302.293.641,00 се поделени на:**

- Расходи од утврдени намени 300.238.641,00
- Резерви 875.000,00

- Со буџетот се планира и одлив односно отплата на главница износ 1.180.000,00 доспеваат во два ануитети за отплата на водомери и метларка

Расходите во вкупен износ од 302.293.641,00 по основни намени се утврдени во билансот на расходите и тоа:

- Капитални расходи износ 54.548.573,00 и процентот на учество во вкупните расходи е 18.04 %;
- Тековно оперативни расходи во износ 247.745.068,00 ден и процентот на учество во вкупните расходи е 81.96 %.

**Вкупниот буџет е 302.293.641,00 и ги содржи следните расходи:**

- Основни плати и надоместоци износ 165.882.392,00 или процент на учество на вкупните расходи во основниот буџет од 54.88 %.
- Резерви и недефиниранои расходи износ 875.000,00 или процент на учество на вкупните расходи во основниот буџет од 0.29%
- Стоки и услуги износ 59.535.676,00 или процент на учество на вкупните расходи во основниот буџет од 19.70%
- Каматни плаќања износ 220.000,00или процент на учество на вкупните расходи во основниот буџет од 0,07%.

- Субвенции и трансфери износ 19.202.000,00или процент на учество на вкупните расходи во основниот буџет од 6.35%.
- Социјални бенефиции износ 850.000,00или процент на учество на вкупните расходи во основниот буџет од 0,28%.
- Капитални расходи износ 54.548.573,00 или процент на учество на вкупните расходи во основниот буџет од 18.04 %
- Отплата на главнина износ 1.180.000,00или процент на учество на вкупните расходи во основниот буџет од 0,39%.
-

**1.Основниот буџет**

**Програма А0** -потпрограма А00- Совет на Општината планирани расходи износ од **6.603.000,00** во основниот буџет за 2026 година во споредба со планираните 5.606.000,00 со вториот ребалансот на буџетот за 2025 година;

**Програма А1** – Изборни активности и референдуми планирани 3.910.000,00 кои се планира да се исплатат во 2026 година по донесување на Одлуката за исплата на членовите на оик и ио.

**Програма Д0** -потпрограма Д00- градоначалник износ од **3.482.000,00** во основниот буџет за 2026 година во споредба со планираните 3.433.000,00 со вториот ребалансот за 2025 година. Резервите се планираат според планираните тековно оперативни расходи во делот на основниот Буџет за 2026 година. Во процент планирано во случајот 1 %.Тој износ распределен е 45.71 % како постојани резерви во потпрограмата А00 , 54.29 % како тековни резерви во програмата Д0.

**Програма Е0** -потпрограма Е00-општинска администрација предлог износ од **33.249.182.000,00** во основниот буџет за 2026 година во споредба со планираните за 2025 година со вториот ребаланс 34.064.000,00.

**Програма ЕАО** -Капитални трошоци на општината износ од **244.000,00** во основниот предлог буџет за 2026 год. наспроти 2025 година со вториот ребалан планирано 230.000,00.

**Програмата Ф1-**програма за урбанистичко планирање во основниот буџет предлог за 2026 година **6.700.706,00** а со ребалансот за 2025 година планиран износ од 2.859.183,00 .Тука се проектирани износите за изработка на проектни документации , техничка документација на геодетски услуги и изработка на урбанистичкипланови финансирани од Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој.

**Програма Г1**-потпрограма Г10- подршка на локалниот економски развој со буџетот за 2026 година во основниот буџет се предлага износ од **400.000,00** а во 2025 година планирани 593.000,00. Во оваа програма се планирани активности за младинскиот сојуз.

**Програма ГА** - Во оваа програма се планирани парични средства во износ од 1.550.000,00 сума која што треба еден дел да ја кофинансира општината за изградба на двете плотишта на м.в Црн Врв поврзано со проектот за прекугранична соработка со Албанија.

**Програма Ј1 -** Снабдување со вода - проектиран расход од **4.833.500,00** во основниот буџет за 2026 год. наспроти планираните во 2025 год. износ 2.986.000,00 ден. Планирани се расходи за електрична енергија што се плаќа од преземениот долг од ЈП Комуна Крушево , материјали за водоснабдување , одржување на водоводна мрежа, камати и отплата на ануитетите за кредитното задолжување за поставување на водомерите во с. Норово и с.Св.Митрани.

**Програма Ј2** - Одведување и пречистување на отпадни води - планирани за 2026 год.**125.000,00** истиот износ планиран и во 2025 година.

**Програма Ј3** - јавно осветлување планирани се **6.520.000,00** во споредба со планираните од 2025 година износ 5.783.000,00. Оваа програма ги опфаќа расходите поврзани со одржување на уличното осветлување, исплата на потрошената електрична енергија , новогодишното украсување и други трошоци поврзани со осветлувањето

**Програма Ј4- Јавна чистота –** предлог буџет од **2.522000,00** во основниот буџет за 2026година наспроти планираните 2.484.000,00 ден

во 2025 год.Во оваа програма се планираат расходи за оджување на јавната чистота и одржување на други зелени површино. Од оваа програма се исплаќа каматата и главнината за набавена метларка.

**Програма Ј6** - потпрограма Ј60 - Одржување и заштита на локалните патишта, улици предлог од **4.950.000,00** во основниот буџет на општината за 2026 год во споредба со планираните 4.672.000,00 од 2025 година. Во оваа програма се планираат материјали за разни поправки, расходи за зимско одржување на улиците и патишта за непречено одвивање на сообракајот, трошоци за одржувањето односно рехабилитацијата на улиците и патиштата на територијата на општината, договорните работи кои се изведуваат со ангажирање на други лица за извршување на јавни работи финансирани од Агенција за вработување на РСМ 80% и 20% од основниот буџет на Општина Крушево како и отплатата на кредитот за метларката.

**Програма Ј8** -потпрограма Ј80- други комунални услуги – предлог буџет во износ од **335.000,00** за 2026 год. во споредба со буџетот за 2025 година планирани 32.000,00 Во оваа потпрограма се планирани расходи за дезинфекција,дезинсекција и дератизација на теритиријата на Општина Крушево и трошоци за заловување на кучина .

**Програмата ЈД0**-Изградба и реконструкција на локални патишта.

Оваа програма се дели на две развојни програми и тоа:

**Програма ЈДЦ-** Изградба на пристапна улица до скијачки терен во Крушево, фаза 1 планирани се 4.614.263,00 за изградба на улица и за надзор над изградбата.

**Програмаат ЈДО** –Изградба на обиколница во Крушево, фаза 1 планирани се 36.591.135 за изградба и надзор над изградба на обиколницата.

**Програма ЈГ –**Изградба на систем за водоснабдување планирани во основниот буџет за 2026 год. износ од 1.414.175,00 за реконструкција на пумпна стаица во с.Норово - фаза архитектура.

**Програмата ЈФ** - Изградба на сообраќајна сигнализација планирани расходи од **1.110.000,00** за 2026 година наспроти 2026 година планирани 350.000,00 ден..Овие расходи се планираи за поставување на сообвраќајна сигнализација на пат од м.в Порта до м.в Мечкин Камен.

. **Програма ЈН**- урбана опрема -капитални расходи за 2026 год . износ **73.000,00** .Истиот износ беше планиран и во 2025 година.

**Програма К2** -Музичка и сценска - уметничка дејност за 2026 година планирани 50.000,00

**Програма К4**- културни манифестации и творештва предлог од **1.566.000,00** во основниот буџет за 2026 год. наспроти сумата предложената во 2025 год. со вториот ребаланс 2.033.000,00 . Од оваа програма се реализират повеке културни манифестации.

**Програма Л0**- спорт и рекреација има **663.000,00** . проектирани во основниот буџет за 2026 година во споредба со планираните 1.253.000,00 со вториот ребалансот од 2025 година и тука се планира поддршка на повеке спортски манифестации.

**Програма ЛА** - спорт и рекреација - капитални трошоци. Се планира износ од **72.000,00** денари во основниот буџет за 2026 година. Во оваа програма се планираат расходи за навабавка на некои неопходни основни средства за спортската сала.

**Програма Н1-**потпрограма Н1-основно образование- планиран износ во колона Буџет од **3.675.000,00**. Овие средства се палнирани за електрична енергија,превозни услуги во образованието, дрва, трошоци за комуникација, други материјали, одржување на згради и сл. се разбира доколку имаат потреба основните училишта во Општина Крушево.

**Програма Н2 –** Средно образование - планиран износ во основниот буџет **2.560.000,00** . Овие парични средства се планираат превозни услуги во образованието и месечна субвенција за секој ученик од Општина Крушево што ќе се запиши во прва година во СОУ ,,Наум

Наумоски Борче’’- Крушево во учебната 2025-2026 .Месечната субвенција ќе изнесува 3.000,00 и ќе се исплаќа девет месеци за секој запишан редовен ученик од Оштина Крушево во прва година во учебната 2025-2026 година.

**Програма Љ0 –** Заштита и спасување – предлог буџет за 2026 година **487.000,00** по програмата за Активностите на Општина Крушево во областа на заштитата и спасувањето за 2026 година и Програма за активности на Општина Крушево за ревитализација по елиминирање на кризи во областа за заштита и спасување за 2026 година .

**Програма Р1 –** Заштита на животна средина и природа – предлог буџет за 2026 год. износ **500.000,00.** Во оваа програме е вклучено чистењето на канали и заштитата на животната средина од штетното дејство на водите и изработка на елаборати за заштита на животната средина.

**Програма В1 -** Детски градинки планирани 100.000,00 за 2025 година. Од оваа ставка се исплаќа посмртнина на вработен или на член на вработен уредено со одлуката за извршување на буџет .

**Програма Њ0 -** противпожарна заштита - расходите наменети за извршување на основните задачи и цели на противпожарната единица се финансираат од основниот буџет на Општината изнесуваат **4.303.000,00** за 2026 год.Од овие планирани средства се исплака и плата за двајца пожарникари .

**Програма за родова еднаквост Џ1 –** Предлог буџет за 2026 год. за оваа програма е **20.000,00**. Овие средства ќе се користат за спроведување на програмата за родова еднаквост.

За тоа како е структурата на буџетските расходи по функциите на ЕЛС-може да се види од прегледот **Буџетски расходи по функции на ЕЛС и функционалните расходи по потпрограми -** прилог во печатената форма на предлог Буџетот за 2026 година.

Советот на Општината треба да го донесе буџетот на општината за 2026 година и Одлуката за извршување на Буџетот на општината за 2026

година најдоцна до 31.12.2025 година, а со негова примена од 01.01.2026 година, после неговото вчитување.

Во насока на непречено одвивање на платниот промет на Општината потребно е донесениот буџет да се достави веднаш по донесувањето во печатена и во електронска форма со цел да се вчита во сектор трезор и пристапување кон реализација по 01.01.2026 година.

Предлог Буџетот за 2026 година е доставен на разгледување и за усвојување до членовите на Советот на Општината во печатена форма во прегледи како е пропишаната форма на Буџетот,усогласена со формата на Буџетот на РСМ.

Прилог на Буџетот за 2026 година е и стратешкиот буџет за 2027 и 2028 година-преглед на приходи и преглед на расходи по потставки посебно за 2027 посебно за 2028 година.Овие Буџети се изработуваат со процент во рамките на процентот за пораст на бруто домашниот производ.Во овој случај земено е пораст од 2,00 % за 2027 година во однос на проектираниот буџет за фискалната 2026 година ,односно процент од 4,00 % за буџетот за 2028 година.

Проектираниот Буџетот за 2027 и 2028 година не значи дека ќе биде донесен буџет за 2027 и 2028 година. За секоја посебна година се носи буџет по редовна постапка,а во согласност со Законот за донесување на Буџетот на ЕЛС.

Општина Крушево
Раководител на одд.за финан.прашања
Милка Најденоска Цветкоска

----------------------------------------